**2017012132**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

☐Врз основа на член 9, член 25 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016 и 142/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 24 јануари 2017 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕСТ И ПОВРЕДА ИЛИ ПОТРЕБА ЗА НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО И ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ НА БОЛЕСТА И ПОВРЕДАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болести повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времераењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата („Службен весник на Република Македонија број 30/2006, 22/2009, 58/2009, 140/2009,44/201, 81/2010, 154/2010, 95/2011 и 29/2012), по членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

„Член 11-а

При давањето на оценка за привремена спреченост за работа за болести на респираторниот систем (JOO-J99) од Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремена спреченост за работа поради болести и повреди или потреба за нега на болен член од потесното семејство („Сл. весник на РМ“ бр.29/12 и 63/12), нема да се применуваат одредбите од членот 9 и 10 од овој правилник, до 31.3.2017 година.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-1041/1
25 јануари 2017 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ангел Митевски**, с.р.